Република Северна Македонија

**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut

**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број: 08-367/7
Датум: 11-07-2023

Постапувајќи по претставката бр. 08 – 367 од 26.05.2023 година, поднесена од [redacted] од Скопје, со адреса на [redacted] за сторена дискриминација врз основа на лично својство и општествен статус во областа на членување и дејствување во политички партии, здруженија, фондации, синдикални или други организации засновани на членство против генералната секретарка на Национален младински совет на Македонија (во продолжение: НМСМ) – [redacted], Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 и член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 05.07.2023 година, го донесе следното

**М И С Л Е Њ Е**

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на лично својство и општествен статус во областа на членување и дејствување во политички партии, здруженија, фондации, синдикални или други организации засновани на членство од страна на [redacted] кон [redacted].

**О б р а з л о ж е н и е**

На 26.05.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка со архивски број 08 – 367/1 од страна на подносителот [redacted], за сторена дискриминација во областа на членување и дејствување во политички партии, здруженија, фондации, синдикални или други организации засновани на членство, врз основа на лично својство и општествен статус против генералната секретарка на Национален младински совет на Македонија – [redacted].

Во претставката се наведува дека на 19ти и 20ти мај 2023 година (петок и сабота) во просториите на локалот Јавна соба (Public Room) се одржало Генералното собрание на НМСМ. На првиот ден од настанот подносителот на претставката бил присутен во двојно својство и тоа како номиниран делегат на здружението на граѓани – Здружение на алумнисти на програмата СВТ, СВТ Алумни Скопје (полноправна членка на НМСМ) и во својство на кандидат за член на Управниот одбор на НМСМ. Една од точките на дневниот ред за 19.05.2023 година била презентирање на кандидатите за членови на Управен одбор, односно на четворица кандидати, меѓу кои и подносителот на претставката.

Пред почетокот на презентацијата на кандидатурите за членство во Управен одбор, генералната секретарка, без да биде делегат или член на работното претседателство на Собранието, се тврди дека извршила дискриминација врз основа на лично својство и општествен статус кон подносителот, преку влијание врз неговата кандидатура и оневозможување на членство и дејствување во Управниот одбор на НМСМ. Во продолжение се појаснува дека тоа било сторено на начин што генералната секретарка пред целиот аудиториум пристапила кон споделување и читање на содржина од е – мејл, која пристигнала до неа вечерта пред одржување на настанот. Содржината се однесувала на настани од 2021 година, во кои бил вклучен подносителот на претставката со наводно „противправно“ поведение. Според наводите на подносителот целта на обелоденување на конкретната порака пред присутните, во момент пред презентирање на кандидатурата и гласање за членови на Управен одбор била со намера да се изврши влијание врз неговата кандидатура. Подносителот наведува дека истата порака претходно не била проследена до него, тој не бил запознаен, а генералната секретарка ја прочитала изворно пред јавноста. На тој начин генералната секретарка, надвор од дневниот ред отворила дискусија во кој прејудицирала негово

„противнправно“ поведение, за настан кој не бил поврзан со кандидатурата за член на Управен одбор, со што ја осуетила неговата претстојна презентација за кандидатура.

Во однос на позицијата генерален секретар, подносителот наведува дека согласно внатрешната регулатива на НМСМ, конкретната позиција е избрана и одговара пред членовите на Управен одбор. Тоа всушност би значело дека со евентуален избор на подносителот на позицијата член на Управен одбор, потенцијалната дискриминаторка – [redacted] би одговарала пред подносителот на претставката. Поаѓајќи од тоа, како и анимозитетот кој подносителот го почувствувал од нејзина страна во повеќе наврати, јавно, како и за времетраењето на собранието, тој смета дека постоела намера и желба генералната секретарка да ја попречи неговата кандидатура за член на Управен одбор на НМСМ. Со наведените дејствија подносителот тврди дека генералната секретарка на НМСМ го дискриминирала, ставајќи го во неоправдано понеповолна положба во однос на останатите кандидати и правејќи ја беспредметна неговата презентација и неговите одговори во сесијата за прашања. Подносителот наведува дека фактот што изнесувањето на е – маил пораката било непроцедурално и токму пред моментот на неговото обраќање, за него ја прави јасна намерата на потенцијалната дискриминаторка да го попречи во членството во Управниот одбор. Во претставката се наведува дека со таквото поведение на генералната секретарка на НМСМ, истата ги повредила принципите на НМСМ, кое како сојуз на здруженија и претставничко тело на младите, меѓу другото, има обврска да презема мерки и дејствија за промоција и унапредување на еднаквоста и превенција од дискриминација. Како што наведува подносителот, истото не само што не било направено, туку генералната секретарка со нејзините дејствија најотворено го ставила во понеповолна положба во однос на останатите тројца кандидати и со тоа влијаела врз ставовите на присутните делегати во врска со гласањето на кандидатите.

Подносителот тврди дека дискриминација кон него е направена преку неоправдано разликување и индиректно давање на првенство на останатите кандидати за членови на Управен одбор, со кое дејствие е постигната целта, односно негово спречување и ограничување во правото на членство во Управен одбор на НМСМ. Со дискриминаторското поведение, подносителот истакнува дека генералната секретарка го прекршила начелото на еднаквост, според кое во конкретниот случај сите кандидати за членство во телата на НМСМ треба да се рамноправни и изедначени во можностите, како и почетната позиција за уживање и остварување на нивното право за членство во тие тела. Со сето наведено подносителот тврди дека генералната секретарка извршила индиректна дискриминација кон него, врз основа на лично својство и општествен статус, а воедно го повредила и неговото достоинство, создала непријателска, понижувачка и застрашувачка средина за него, за времетраење на собранието, со што извршила и вознемирување кон него.

На 05.06.2023 година подносителот доставил до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација поднесок за дополнение на претставката со арх. бр. 08 – 367/2, со кој ја дополнил претставката по однос на докази и тоа:

- Статут на НМСМ;
- Тековна состојба на НМСМ од 28.05.2023 година и
- Предлози за изведување на вербални докази и сослушување на сведоци на настанот [redacted].

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно член 23, став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на 12.06.2023 година со допис арх. бр. 08 – 367/3 од подносителот побара дополнителни податоци поврзани со дискриминаторската основа наведена во претставката.

На 13.06.2023 година подносителот достави до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација поднесок за прецизирање на дискриминаторска основа/ заштитната карактеристика со арх. бр. 08 – 367/4. Подносителот во поднесокот наведе дека е дискриминиран врз основа на лично својство и општествен статус, појаснувајќи ја дискриминаторската основа како негова поврзаност со работење и делување во поширокиот граѓански сектор во кој делува и НМСМ како чадор организација, наведувајќи дека препознаеноста на неговата работа е разновидна и повеќекратна и тоа како поранешен стипендист на Стејт Департментот на САД, како сегашен млад европски амбасадор за Западен Балкан, избран од страна на Европската комисија – Генералниот директорат за добрососедство и проширување, како сегашно раководно лице на Европската бизнис асоцијација, како сегашен претседател на [redacted], како кандидат со уредна кандидатура за членство во Управниот одбор на НМСМ и како граѓански активист. Наведените лични карактеристики подносителот ги поврзува со дискриминаторската основа – лично својство и општествен статус, врз чија основа тврди дека кон него е извршена дискриминација и непочитување на неговата личност, професионални и кариерни подвизи, неговото достоинство, угледот и интегритетот на неговото професионално занимање и работа во граѓанскиот сектор. Подносителот тврди дека личната нетрпеливост и анимозитет кои ги искажува потенцијалната дискриминаторка кон него се должат токму на наведените карактеристики, поточно неговите досегашни успеси и постигнувања во рамки на невладиниот сектор, како и неговиот професионализам и барање за отчетност. Подносителот смета дека од тие негови карактеристики потенцијалната дискриминаторка се почувствувала загрозена, имајќи предвид дека изборот и отповикувањето на генералниот секретар согласно Статутот на НМСМ е во надлежност на телото за кое тој се кандидирал, а која кандидатура таа ја попречила, оневозможила и саботирала, извршувајќи дискриминација. Со овој допис подносителот дополни дека во конкретниот случај освен што неоправдано бил третиран различно од неговите колеги – кандидати, врз основа на неговите лични карактеристики и особини, туку истовремено бил професионално и финансиски оштетен. Професионално бил оштетен поради сугерирањето, влијанието и прејудицирањето на неговиот (не)избор пред присутните делегати на собранието, неговото оцрнување и нечленување во професионално управно тело кое било важно за неговиот кариерен напредок. На овој начин подносителот тврди дека се задира и до уставно загарантираното право на еднаков пристап до сите работни и професионални позиции и правото на членување во управни и други професионални тела. Во однос на тврдењето дека е финансиски оштетен, подносителот појаснува дека за членството во Управниот одбор, односно присуството на седниците на Управниот одбор на членовите им следува соодветен паричен надоместок.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно член 24, став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на 13.06.2023 година испрати Известување бр. 08 - 367/5 за произнесување по наводите од претставката до потенцијалната дискриминаторка.

На 29.06.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација стигна поднесок за произнесување по предметната претставка со арх. бр. 08 – 367/6 од [redacted] генерална секретарка на НМСМ.

Во поднесокот за произнесување се наведува дека согласно член 38 од Статутот на НМСМ, Генералното собрание работи на отворени седници и транспарентноста во работењето на НМСМ е една од вредностите на организацијата. Во тој поглед се наведува дека не се релевантни наводите од претставката за нејзиното учествување на седницата и покрај тоа што таа не е делегат или член на работното претседателство. Во однос на нејзината надлежност како генерална секретарка, во поднесокот наведува дека согласно член 57, став 1 од Статутот, Секретаријатот е оперативен орган на НМСМ и е одговорен за спроведување на активностите од тековното работење на НМСМ, меѓу останатото и организирање на седниците на Собрание на НМСМ. Согласно член 57, став 2 од

Статутот, Генералниот секретар е раководител на Секретаријатот и како таков секогаш е присутен на седниците на Собрание на НМСМ, без право на глас. Генералниот секретар, согласно член 61, став 2 од Статутот поднесува извештај за својата работа и работата на Секретаријатот. На конкретната седница наведува дека презентирала извештај за работата на Секретаријатот и оттука не е спорно нејзиното учество на седницата на Генералното собрание.

По однос на наводите од претставката за дискриминација, потенцијалната дискриминаторка во поднесокот за произнесување се произнесува како во продолжение:

„На 18ти мај (ден пред опишаниот настан) на мојата службена електронска пошта пристигна порака од едно лице во која се изнесени информации во однос на г – динот [redacted], еден од кандидатите за член на Управен одбор на НМСМ, а во врска со неговиот претходен ангажман и учество во една од програмите и активности на НМСМ. Ниту тогаш, ниту сега не навлегувам во вистинитоста или невистинитоста на напишаните наводи. Но, согласно моите одговорности и овластувања како генерална секретарка на НМСМ, предвидени во Статутот (член 60 и 61) и интерните акти на НМСМ, истата електронска порака веднаш откако ја прочитав, ја проследив до органите на НМСМ – Управниот и Надзорниот одбор за понатамошни инструкции, насоки и одлуки, во рамки на нивните овластувања и одговорности. Со оглед на фактот што пораката стигна во критичен момент (ден пред седницата на Генералното собрание), Надзорниот одбор ме повика на седницата на Генералното собрание да го презентирам настанот пред делегатите на седницата на Генералното собрание. Исто како и претходно (а како што наведува и подносителот на претставката) јас како генерална секретарка ја презентирав целосната фактичка состојба, односно објаснив за кој ангажман на подносителот се однесуваат наводите напишани во пораката и изворно ја прочитав пораката којашто е пристигната на мојот службен мејл, односно до мене како генерална секретарка на НМСМ, без притоа да се впуштам во било каква дискусија, коментар или вредносен суд. (стр. 12 и 13 од Предлог записникот од Генералното собрание на НМСМ) Оттука, како генерална секретарка имав обврска да ја презентирам фактичката состојба која ја побара Надзорниот одбор. Фактот што ниту сум се впуштила во дискусија, ниту сум дала свој вредносен суд, туку само изворно сум ја прочитала пристигнатата порака, укажува дека ниту јас лично сум сторила, ниту лично сум имала намера да сторам, било каква дискриминација или да го ставам неоправдано подносителот во понеповолна положба.

Од друга страна, Управниот одбор е управувачки орган на НМСМ и интегритетот и квалификациите на членовите на Управниот одбор се суштествени за функцијата член на Управен одбор на НМСМ. Како што можете да видите во самиот Записник, кандидатите кои се пријавени за членови на Управниот одбор, нивните квалификации, интегритет и искуство се предмет на дискусија на Генералното собрание на НМСМ. Оваа практика НМСМ ја практикува на секое изборно собрание. Оттука, телата и органите на НМСМ, меѓу кои и јас како генерална секретарка, имаат должност транспарентно да ги споделат сите информации со кои располагаат пред делегатите, а со цел истите самостојно и независно да донесат информирана одлука. Во контекст на опишаниот настан, покрај тоа што јас на барање на Надзорниот одбор ја презентирав фактичката состојба, подносителот на претставката имаше простор да даде свое видување во однос на пристигнатата порака и во однос на целата состојба. На крај, како и сите останати кандидати, [redacted] беше дел од кандидатите за членови на Управниот одбор. Согласно правилата и критериумите за избор, неговата кандидатура исто како и кандидатурите на другите кандидати за членови на Управниот одбор беше предмет на дискусија и гласање од страна на сите делегати. И во овој цел процес, ниту му беше ускратено правото да биде кандидат, ниту пак да биде избран, ниту пак беше ставен во понеповолна положба при гласањето, односно се применуваа истите правила, истиот изборен модел и истите стандарди како и сите останати кандидати."

Во прилог на поднесокот за произнесување беше доставен предлог записник од Генералното собрание на НМСМ 19 – 20 мај 2023 година.

Од изнесените наводи за дискриминација на подносителот на претставката Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека е сторено веројатно тврдењето за дискриминација и согласно член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, го префрли товарот на докажување врз потенцијалната дискриминаторка. Врз основан на тоа, потенцијалната дискриминаторка со поднесокот за произнесување ја поби претпоставката за дискриминација кон подносителот, затоа што:

Од утврдената фактичка состојба произлегува дека генералната секретарка, согласно одредбите од Статутот на НМСМ, во рамки на нејзините овластувања, а заради заштита на угледот на НМСМ изнела околности кои се однесуваат на погодноста на кандидатот да биде дел од одлучувачката структура на сојузот. Од аспект на нејзината положба во НМСМ, била должна да ја проследи таквата информација до одлучувачкото тело, со оглед на тоа што ѝ пристигнала на службената мејл адреса. Конкретната постапка на генералната секретарка не произведува нееднаков третман per se, бидејќи такви информации не добила за останатите кандидати, па единствено да ја проследи информацијата што се однесува до подносителот на претставката. Со тоа се докажува дека подносителот на претставката не е во споредлива ситуација со комапараторите, односно останатите кандидати и конкретното постапување на претпоставената дискриминаторка не се заснова на дискриминаторска основа, туку на објективни фактори.

Што се однесува до постапката за избор на кандидати за членови на Управниот одбор на НМСМ, од приложениот предлог Записник произлегува дека на сите кандидати им е овозможен еднаков третман, вклучувајќи го и подносителот на претставка. Нему му било овозможено да ја презентира својата кандидатура и да даде свои видувања на поставените прашања, на еднаква основа со останатите кандидати. Фактот што подносителот не е избран за член на Управниот одбор на НМСМ се должи на гласањето на Генералното собрание на НМСМ, кое согласно предлог Записникот е спроведено согласно член 63, став 4 од Статутот на НМСМ и во постапка во која сите кандидати се еднакво третирани. Од изнесеното произлегува дека во постапката за избор на членови во Управниот одбор, кон подносителот на претставката не се постапувало понеповолно во однос на останатите кандидати за членови и нему не му е оневозможено или ускратено право врз дискриминаторска основа. Дотолку повеќе што постапката е компетитивна, а самиот неизбор не значи дека некому му е даден поповолен третман единствено поради тоа што е избран за член, наспроти оној кој не е избран за член на Управен одбор. Кога личните препирки, несогласувања или анимозитет кон конкретно лице не се засновани на заштитна карактеристика кое тоа лице ја поседува и таквиот однос не продуцира нееднаков третман, не може да стане збор за дискриминација. При така констатирана состојба, во недостаток на нееднаков третман и повреда на право врз дискриминаторска основа, не може да стане збор за дискриминација. Оттука произлегува дека не е исполнета законската **дефиниција за дискриминација од член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:**

*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите."*

Од друга страна, за дискриминациско вознемирување не може да се смета секое постапување кое предизвикува повреда на достоинството или за подносителот создава непријателска и понижувачка средина. Таквото постапување мора да биде директно или индиректно поврзано со заштитна карактеристика. Воедно, претпоставената дискриминаторка во поднесокот за произнесување ја побила претпоставката за дискриминација со тоа што докажала дека обелоденувањето на пораката немало за цел повреда на достоинството на подносителот и создавање за него непријателска или понижувачка средина, туку исполнување на должностите кои произлегуваат од нејзината позиција како генерален секретар на сојузот и заштита на угледот на сојузот. Од наведеното произлегува дека не е исполнета законската **дефиниција за вознемирување од член 10, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:**

*„Вознемирувањето претставува несакано постапување кон лице или група лица врз дискриминаторски основи што има за цел или последица, повреда на достоинството или создавање на заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика."*

Заради горенаведеното Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно своите надлежности одлучи како во диспозитивот на мислењето дека во конкретниот случај не е сторена дискриминација врз основа на лично својство и општествен статус во областа на членување и дејствување во политички партии, здруженија, фондации, синдикални или други организации засновани на членство од страна на [redacted]

Скопје,
05.07.2023 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Заменик претседател
Игор Јадровски

Доставено до:
- [redacted]